Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-77/4
Датум: 07.04.2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-77/1 од 14.1.2025 година, поднесена од ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија- Скопје против [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-77/1 од 14.1.2025 година, поднесена од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија- Скопје против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на работата и работните односи, **ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**Образложение**

На ден 14.1.2025 година на електронската адреса на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија- Скопје против [redacted] вработена во клиниката.

Според наведеното во електронската пошта, претставката ја поднесува правното лице ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија- Скопје, со адреса на ул. Водњанска бр. 17 во Скопје, против физичкото лице [redacted] вработена во клиниката.

Имено, на ден 9.1.2025 година во просториите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија, при крајот на работното време, вработената [redacted] пристигнала да предаде промет во благајната, при што започнала кон останатите вработени да коментира недолични работи: „Сите шиптари се заштитени од [redacted] „колегите шиптари ги поите за Божиќ". Дополнително на овие коментари била прозвана и друга колешка од албанска националност во контекст на тоа дека ја спремале за друго работно место како социјален работник. Присутни на настанот биле [redacted] Како лице за контакт во врска со претставката е наведена [redacted], правничка на клиниката, заедно со нејзин телефонски број.

Во прилог на претставката беа доставени своерачно потпишани Изјави од [redacted], заведени во ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија под бр. 0302-46/1, 0302-47/1, 0302-48/1 и 0302-49/1 од 13.1.2025 година.

Во согласност со **член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Во согласност со **член 23 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, лицето кое смета дека е дискриминирано пред Комисијата може да биде застапувано од страна на здружение, фондација или синдикат со претходно дадена согласност.
Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно **член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, во случај кога претставката не ги содржи потребните елементи, ќе го задолжи подносителот истата да ја доуреди.

Оттука, заради постапување по претставката, Комисијата на ден 16.1.2025 година испрати Барање за доуредување бр. 08-77/2 до ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија.
Со оглед на тоа што станува збор за претставка испратена по електронска пошта, без пропратен допис во прилог, а имајќи предвид дека како подносител се јавува правно лице, Комисијата побара претставката да биде доуредена на начин што ќе биде доставен официјален допис-претставка кој ќе биде соодветно заверен со печат на правното лице и ќе содржи потпис на овластеното лице во правното лице, заедно со тековна состојба. Исто така беше побарано да се наведе кое лице, или група на лица, се јавуваат како жртви на дискриминација во конкретниот случај и следствено на тоа трпат штетни последици од настанот, како и да биде доставена писмена согласност од нивна страна доколку претставката се поднесува во нивно име, имајќи го предвид горецитираниот член 23 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

На ден 28.1.2025 година до Комисијата пристигна Допис од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија како доуредување на претставката, заведен под нивен бр. 0302-141/2 од 28.1.2025, соодветно потпишан од [redacted]. Во доуредувањето е содржан истиот опис од првично доставената претставка, а додадено е дека од клиниката сметаат дека со таквиот начин на однесување е извршена директна дискриминација кон колегите од албанска националност, со што е нарушена честа и угледот на вработените, па оттука бараат да бидат преземени соодветни мерки од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Во прилог на доуредувањето беа доставените истите изјави од страна на [redacted] заведени во ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија под бр. 0302-46/1, 0302-47/1, 0302-48/1 и 0302-49/1 од 13.1.2025 година.

Бидејќи доуредувањето на претставката повторно не содржеше писмени согласности од засегнатите лица во чие име се поднесува претставката, Комисијата оствари телефонски разговор со лицето за контакт-[redacted], која беше информирана дека за постапување по претставката, потребно е да биде доставена писмена согласност од лицата. Правничката извести дека истите ќе бидат доставени во текот на наредната недела, по електронски пат.
До носењето на овој Заклучок, а по истек на подолг временски период, не беше пристигнат дополнителен одговор од страна на подносителот.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија- Скопје, ул. Водњанска бр. 17, 1000 Скопје